**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-754/6**

**Скопје, 27.12. 2007 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Основен суд Кавадарци - сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Кавадарци-сметка за редовно работење за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Лазар Нанев, Претседател на Основен суд Кавадарци

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во период од 01.10 до 19.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 17.12.2007 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-331/07. Истите беа разгледани и точката 10.4.1 се прифаќа а точките 10.1.2, 10.3, 10.4.2 и 10.4.3 се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Основниот суд нема обезбедено имотни/поседовни листи за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, согласно кој ...„запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително....„. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Основниот суд за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.

Од страна на Основниот суд превземени се мерки за утврдување на сопственоста и поднесено е Барање до Министерството за правда Су.бр.03-53/07 од 08.02.2007 година, за обезбедување на дополнителна документација за регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен судот.

11.1.2. Основниот суд во текот на 2006 година извршило продажба на возило со јавно наддавање спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради воспоставена пракса, при што се утврдени следниве неправилности:

-извршено е намалување на проценетата вредност за возилото, спротивно на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Истото резултира со продажба на возилото по цена пониска од законски пропишаната;

-не е склучен договор со кој би се утврдиле правата и обврските по истиот за продажба на возилото помеѓу судот и купувачот, спротивно на член 58 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи;

-средствата од продажбата на возилото се наоѓаат во благајната на судот и истите не се уплатени на сметката на Буџетот на Република Македонија, спротивно на член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Препорака:**

Основниот суд, постапката за продажба на недвижни и движни ствари да ја спроведува согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Средствата од продажба на возилото да се уплатат на сметката на Буџетот на Република Македонија.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2006 година, не е утврден правниот основ на обврската и не е утврдена старосната структура на истите, согласно законските прописи, поради непочитување на член 29 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што има влијание на реалноста на оваа билансна позиција во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се врши попис на обврските согласно прописите и да се утврди правниот основ на истите.

11.2.2. За извршените набавки на ситен инвентар, алат и материјали, судот нема воспоставено материјална евиденција во сметководството согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, односно истите се набавуваат без да се евидентираат во магацинот преку соодветна документација (приемници и испратници), поради невоспоставена пракса на магацинско работење. Истото има влијание во трошењето на материјалите и ситниот инвентар и финансиските извештаи на судот.

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција во сметководството на субјектот.

### *11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Ставките Поправки и тековно одржување и Ситен инвентар, алат и други материјали во Билансот на приходи и расходи се повеќе искажани за износ од 253 илјади денари, а за кој износ е помалку искажана ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поради исплата на средства за набавка на гориво за службени возила, спротивно на Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Ефектот од претходно наведеното е неправилно искажување на расходните ставки во финансиските извештаи.

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите да се почитуваат одредбите од Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план за буџетски корисници и да се вршат исплати согласно одобрениот буџет.

11.3.2. Ставките Други тековни расходи во Билансот на приходи и расходи е повеќе искажана за износ од 121 илјади денари, а за кој износ е помалку искажана ставката ситен инвентар, алат и други материјали,, поради исплата на средства за набавка на канцелариски материјали, спротивно на Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Ефектот од претходно наведеното е неправилно искажување на расходните ставки во финансиските извештаи.

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите да се почитуваат одредбите од Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план за буџетски корисници и да се вршат исплати согласно одобрениот буџет.

*11.4.* ***Ненаменско и незаконско користење на средства:***

***Непримenувањe на постапките од Законот за јавни набавки***

11.4.1. Преземени се обврски од 2005 година за набавка на канцелариски материјали и друг административен материјал, без спроведена постапка за јавни набавки, во износ од 1,255 илјади денари.

11.4.2. Не е спроведена постапка за јавна набавка за осигурување на имот и опрема и сервисирање на опрема, во износ од 156 илјади денари.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2 и 11.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основниот суд Кавадарци, на ден 31 Декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2, 11.3 и 11.4 кај Основниот суд Кавадарци остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

***14.*** Основниот суд Кавадарци е тужена странка во судскиот спор со ЈП “Македонска пошта ” – Скопје Подружница ЦРПС Кавадарци, по основ на неплатени фактури за извршени поштенски услуги во 2003 и 2004 година, на име главен долг во износ од 1,235 илјади денари. Конечната разврска на овој спор е во 2007 година и истата ќе има влијание на износот на обврските во финансиските извештаи во наредниот период.

***15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основниот суд Кавадарци во текот на ревизијата:***

Во текот на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2006 година, поради сметководствени грешки кои субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиските извештаи под 31.12.2006 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година за 283 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 45 од 19.10.2007 година.

**Скопје, 21.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 30,374 | 26,461 |
| **Вкупно приходи** | **30,374** | **26,461** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 27,185 | 22,292 |
| Резерви и недефинирани расходи | 11 | - |
| Стоки и услуги | 3,178 | 4,144 |
| Субвенции и трансфери | - | 25 |
| **Вкупно тековни расходи** | **30,374** | **26,461** |
| **Вкупно расходи** | **30,374** | **26,461** |

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1 | - |
| Активни временски разграничувања | 5,817 | 6,814 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,818** | **6,814** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 30,882 | 31,248 |
| **Вкупно постојани средства** | **30,882** | **31,248** |
| **Вкупна актива** | **36,700** | **38,062** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3,833 | 4,848 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,085 | 2,051 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,918** | **6,899** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 30,782 | 31,163 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **30,782** | **31,163** |
| **Вкупна пасива** | **36,700** | **38,062** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **31,163** | **31,163** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,733** | **1,733** |
| Набавки | 1,700 | **1,700** |
| Отпис на застарени обврски | 2 | **2** |
| Спроведени корекции | 31 | **31** |
| **Намалување по основ на:** | **2,114** | **2,114** |
| Отпис на застарени побарувања | 35 | **35** |
| Продадено материјално средство | 210 | **210** |
| Амортизација | 1,554 | **1,554** |
| Спроведени корекции | 315 | **315** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **30,782** | **30,782** |